Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на дел дневните настани 10.04.2022

Во периодот од 21.30 часот на 09.04.2022 до 03.00 часот на 10.04.2022 полициски службеници од Единицата за недозволена трговија со дрога и Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје извршиле контроли во повеќе угостителски објекти и прегледи на повеќе лица и патнички возила. Притоа, кај 7 лица од Скопје биле пронајдени марихуана, кокаин и таблети екстази, кои биле лишени од слобода. Кај М.Ѓ.(33) и кај Д.Д.(31) беле пронајдена марихуана, кај К.Т.(33) и кај Е.И.(24) беле пронајдена бела прашкаста материја, кај С.И.(48) беле пронајдена „екстази", кај И.С.(24) кокаин, кај С.С.(25) биле пронајдени бела прашкаста материја и дигитална вага. По извршените проверки беле утврдено дека Д.Д. бил баран по потерница од Основен суд Охрид за сторено кривично дело по член 215 од Кривичниот законик. Лицата биле приведени и по целосно документирање на случаите против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 09.04.2022 во 23.30 часот на наплатна станица Сопот, од страна на полициски службеници Одделот за сериозен и организиран криминал – Единица за недозволена трговија со дрога, во координација со СВР Велес, СВР Битола и во содејство со Единица за службени кучиња од слобода е лишен Д.Д.(33) од Битола, поради основи на сомнение за извршено кривично дело по чл. 215 од Кривичниот законик. При прегледа на патничко возило „БМВ", со битолски регистарски ознаки, управувано од Д.Д., биле пронајдени и одземени кеса со кокаин и едно пакување со марихуана. Лицето е приведено во СВР Велес за понатамошна постапка, а за случајот е известен Јавен обвинител и по него документирање против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 09.04.2022 во 21.45 часот во Градски парк во Виница, полициски службеници од Полициската станица Виница ги лишиле од слобода М.М.(18), Х.И.(18) и троја малолетници, сите од Виница, затоа што ако кај нив била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 09.04.2022 во 02.35 часот на ул.„Ленинова" во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово ги лишиле од слобода В.М.(22) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена бела прашкаста материја. По документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 09.04.2022 околу 15.00 часот во СВР Струмица, од Казнено-поправната установа Затвор Струмица било приведено дека околу 13.45 на влез во установата, при преглед на Х.П. од Струмица, кој дошол на посета кај осуденик во затворот, затворските полицајци пронашле марихуана. Увид извршила екипа од СВР Струмица и по документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 09.04.2022 во 21.30 часот во с.Ростуше, гостиварско, полициски службеници од СВР Тетово - Полициско одделение Ростуше ги лишиле од слобода А.Ш.(19) и А.А.(21), двајцата од Дебар, затоа што кај нив биле пронајдени марихуана. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 09.04.2022 во 15.00 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода В.П.(48) од Куманово. Тој се сомнича дека на 08.04.2022 од возило „шкода", сопственост на С.П.(28) од Куманово, одзел платежна картичка и вршел трансакции со неа. Кај В.П. била пронајдена платежната картичка и пари кои биле вратени на сопственичката. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 09.04.2022 во 18.30 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода М.С.(34) од Куманово, поради сомнение за сторено кривично дело по член 215 од Кривичниот законик. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 09.04.2022 во 21.25 часот на Граничен премин „Кафасан", полициски службеници го лишиле од слобода Х.Д.(48) од Тетово, затоа што при контрола и проверка на документите било констатирано дека дозволата за престој во Швајцарија била фалсификувана. Тој бил предаден на полициски службеници од Отсекот за прекуграничен криминал, странци и реадмисија Струга – Регионален центар за гранични работи Запад за понатамошна постапка.

На 09/10.04.2022 во периодот од 22.00 до 04.00 часот, при спроведени акциски контроли, полициските службеници затекнале и санкционирале вкупно 13 возачи кои управувале возило под дејство на алкохол (Охрид-03, Струга-02, Кичево-08). Во Охрид 7 пешаци се затекнати при преминување коловоз на необележан пешачки премин. Против нив се поднесени прекршовни платни налози.

На 09.04.2022 во 12.50 часот во СВР Скопје било приведено дека на крстосница од бул. „Партизански одреди" и ул.„Новопреоткрена", мотоцикл „кавасаки", со скопски регистарски ознаки, управуван од М.А.(24) од с.Волково, скопско, удрил во А.К.(76) од Скопје. Во несреќата се тешки телесни повреди се здобила А.К., констатирани во Градска општа болница „Св.Наум Охридски". Увид на местото извршила екипа на СВР Скопје.

На 09.04.2022, во рамки на засилените акциски контроли во областа на сообраќајот, на територијата на град Скопје изречени се вкупно 216 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 63 санкции, 10 мерки за возење без возачка дозвола, шест мерки за возач почетник. Изречени се 48 санкции за прекршоци што ги прават пешаците, 40 мерки за управување под дејство на алкохол, една мерка за минување на затворен сигнал (црвено светло), три санкции за техничке неисправни и нерегистрирани возила...

На 09.04.2022 околу 20.30 часот во СВР Штип било приведено дека на ул.„Сутјеска" во Штип, патничко возило „фиат стило", со штипски регистарски ознаки, управувано од С.С.(45) од Штип, удрило во У.Ш.(47) и малолетничка, двете од Штип. Во несреќата У.Ш. се здобила со тешки телесни повреди, а малолетничката со телесни повреди констатирани во Клиничка болница Штип. Увид на местото извршила екипа на СВР Штип.

На 09.04.2022 во 20.45 часот во Полициската станица Кичево, С.Т.(55) од Кичево приведила дека во населба Ивандол била касната од куче скитник.

По преземени мерки и активности СВР Штип расчисти случај на фалсификување пари и од слобода ги лишиле сопружниците Б.Ф.(38) и С.Ф.(33), двајцата од Штип. При преземени мерки и активности било утврдено дека Б.Ф. испечатил четири банкноти од по 1.000 денари, од кои три и дал на С.Ф., а четвртата ја фрлил, бидејќи била оштетена. Исто така, било утврдено дека С.Ф. една од банкнотите разменила со малолетничка од Штип за две банкноти од по 500 денари, една дала на лице од Штип за да подмири долг кон него, а последната, откако слушнала дека е делото приведено, ја скинала и фрлила. Банкнотите биле пронајдени и одземени, како и печатачот и компјутерот на кои биле направени. По целосно документирање на случајот против лицата ќе биде поднесена соодветна пријава.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Р.В. од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотички дроги, психотропни супстанции и прекурсори". При претрес извршен во неговиот дом, полициските службеници пронајдоа и одзедоа марихуана и стеблика од растението канабис.

На 08.04.2022 во 22.30 часот во с.Радање, општина Карбинци, полициски службеници го лишиле од слобода И.С.(60) од с.Радање, затоа што околу 16.30 часот во селото физички со тврд предмет нападнал 65-годишен соселанец. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 09.04.2022 во 16.30 часот во СВР Струмица, од Казнено-поправната установа Затвор Струмица било приведено дека работен во затворот пронашол марихуана. Увид извршила екипа на СВР Струмица, а дрогата била подигната за понатамошна постапка. По целосно расчистување на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 09.04.2022 во 20.00 часот во СВР Скопје било приведено дека на ул.„27" во с.Сопиште ги нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу З.К.(60) и Г.М.(44), двајцата од Скопје. Сочинети биле записници за констатиран прекршок по член 11 и член 6 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 09.04.2022 во 20.55 часот во СВР Тетово – Полициска станица Гостивар било приведено дека настанал пожар во стара напуштена куќа во центарот на Гостивар. Поведени лица нема, а пожарот бил изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица Гостивар. Увид се врши.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Б.Д.(31) од с.Бања, општина Чешиново - Облешево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрсувачки материи". На 28.11.2021 кај с.Бања, приведеното се обидел да избегне полициска контрола и од возилото фрлил ловечка пушка „Ижа43М" калибар 12 мм, за која не поседувал дозвола, а била пронајдена од полициските службеници.

На 09.04.2022 околу 22.00 часот во СВР Скопје, Б.Г.(45) од с.Арачиново приврајил дека околу 21.00 часот на ул.„Качанички пат", по претходно недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од Д.Н.. Сочинет бил записник за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

Денеска (10.04.2022) во Гостивар, полициски службеници од Полициската станица Гостивар го лишиле од слобода Е.Н.(33) од тетовско село, затоа што околу 02.00 часот физички ја нападнал неговата 27-годишна невенчана сопруга. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 09.04.2022 околу 15.30 часот во СВР Битола, В.А.(77) од Битола приврајила дека околу 15.30 часот во нејзина нива на ул.„Индустриска" настанал пожар од отпушок од цигара кој ги фрлила, но пожарот не успеала да го изгасне. Според приврајеното, пожарот се проширил на соседната фабрика, а при обид да го изгасне пожарот, се повредила се здобила М.Ѓ.(29), вработен како обезбедувајде. Од екипа на Територијалната противпожарна единица Битола пожарот бил изгаснат. Увид извршила екипа од СВР Битола и се работи на расчистување на случајот, по што ќе следува поднесок.

На 09.04.2022 во 10.30 часот на ул.„Илинденска" во Кавадарци, полициски службеници од Полициската станица Кавадарци го лишиле од слобода К.Ч.(39) од Кавадарци, затоа што на 09.04.2022 околу 01.30 часот на ул.„Дане Турманџов" со остар и тврд предмет се заканувал на А.Ј.(21), С.Ј. и Д.Ј.. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (10.04.2022) во 00.15 часот во СВР Скопје, Д.Н.(30) од с.Визбегово, скопско, приврајил дека на 09.04.2022 околу 20.30 часот предг неговата куќа бил физички нападнат од А.Ф.. Сочинет бил записник за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 09.04.2022 во 04.30 часот во СВР Скопје, 34-годишна жена од Скопје приврајила дека во домот била физички нападната од нејзиниот вонбрачен партнер М.М.(37) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Р.А.(22) од Кавадарци, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба наркотични дроги". На 17.02.2021, во домот на неговата баба во Кочани, приврајениот овозможил употреба на хероин на неговата малолетна сестра.

На 09.04.2022 во 05.20 часот во СВР Куманово, Д.Д.(28) од Куманово приврајил дека околу 03.30 часот предг угостителски објект на ул.„Горче Петров" бил физички нападнат од три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.04.2022 во 04.15 часот во СВР Скопје, М.Ѓ.(29) и И.Б.(22), двајцата од Скопје, приврајиле дека околу 03.50 часот на бул.„Јане Сандански" биле физички нападнати од три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.04.2022 во Полициската станица Делчево било приведено дека покрај патот во с.Киселица, делчевско, бил пронајден починат Г.И.(54) од Делчево, за кој на 08.04.2022 неговата сопруга приврајила дека се оддалечил од домот. Смрт без видливи траги на насилство констатирал лекар Итна медицинска помош, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било предадено на семејството. Увид извршила екипа на ОВР Делчево.

На 09.04.2022 во 17.55 часот во СВР Скопје, 45-годишна жена од Скопје приврајила дека на 08.04.2022 околу 18.00 часот во семејниот дом, нејзиниот син Д.Т.(18) физички ја нападнал и ѝ се заканувал со остар предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против И.С.(19) од Куманово, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „кој е одговорен за производство и пуштање во промет на наркотички дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 30.01.2022 во Куманово полициски службеници кај приврајениот пронашле и одзеле кокаин.

На 09.04.2022 во 18.30 часот во СВР Скопје, О.С.(46) од Скопје приврајил дека околу 15.00 часот на неговиот плац на ул.„Новопреоткрена" бил физички нападнат од две лица, кои му се заканиле со остар предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.04.2022 во 23.30. часот во Полициската станица Гостивар, Е.М.К.(47) од Гостивар приврајил дека околу 22.00 часот на Плоштадот во Гостивар неговиот малолетен син бил физички нападнат од четири малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Дебар поднесе кривична пријава против М.З.(23) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотички дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 17.07.2021 во Кичево, полициски службеници кај приврајениот пронашле и одзеле марихуана.

На 09.04.2022 во 23.20 часот во Полициската станица Драчево, С.П.(44) од Скопје приврајила дека од домот се оддалечила нејзината керка М.П.(17). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 09.04.2022 во 11.00 часот во СВР Скопје било приврајено дека во с.Трубарево, скопско, било пронајдено опожарено патничко возило „фолксваген голф", со скопски регистарски ознаки, сопственост на С.С. од Скопје, кое било приврајено за одземено на 21.11.2021 во Свети Николе. Се работи на расчистување на случајот.

На 10.04.2022 во 04.35 часот на бул.„1 Мај" во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода М.М., затоа што се однесувал агресивно кон полициски службеници кои вршеле службени дејства. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.